Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - ПАРКИНГ І ...
Бр. 02-282/4
18.03.1

Врз основа на член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, а во врска со член 8, 9, 11 и 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден ________ година ја донесе следнава:

## О Д Л У К А
## за утврдување на листа на информации од јавен карактер и определување на службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации

### Член 1

Предмет на оваа Одлука е утврдување на листа на информации од јавен карактер со кои располага ЈП Градски паркинг-Скопје и определување на службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации.

### Член 2

Се утврдува листа на информации од јавен карактер со кои располага ЈП Градски паркинг – Скопје:

-Статут на ЈП Градски паркинг-Скопје,
-Одлука за основање на јавно претпријатие за јавни паркиралишта,
-Ценовникот на услуги на ЈП Градски паркинг-Скопје,
-Одлуката за јавни паркиралишта од значење за градот Скопје,
-Решенија за утврдување режим на сообраќај,
-Закон за јавни претпријатија,
-Закон за јавни патишта,
-Закон за комунална дејност,
-Закон за комунални такси,
-Одлука за комунален ред во Градот Скопје,
-Одлука за висина на комунални такси во Град Скопје,
-Одлука за усвојување на Планот за јавни набавки,
-Етички кодекс за вработените во ЈП Градски паркинг-Скопје,
-Правилник за работен ред и дисциплина,
-Упатство за боледување,
-Мапа на систематизација на работни места,
-Број и локации на јавни паркиралишта и јавни површини наменети за паркирање со кои стопанисува ЈП Градски паркинг-Скопје,
-Правилник за начинот и условите за паркирање, времетраењето на паркирањето односно неговото ограничување и означување на ограничувањето на јавните паркиралишта од значење за градот Скопје,
-Годишен извештај.

### Член 3

Листата на информации од јавен карактер со кои располага ЈП Градски паркинг-Скопје, се објавува на веб страната на претпријатието.

**Член 4**

Директорот на јавното претпријатие со одлука определува службени лица за посредување со информации.

Директорот на јавното претпријатие опредлува простории за увид во информациите од јавен карактер и е должен да ги обезбеди сите потребни услови за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 5**

Имателот на информации на барателот на информацијата за издадениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата не наплаќа надомест за материјани трошоци доколку информацијата содржи до 20 страни.

Имателот на информации на барателот на информација за издадениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата наплаќа надомеет за материјани трошоци, согласно Одлуката за утврдување на надоместок за материјални трошоци за дадената информација од имателот на информацијата донесена од страна на Влада на Република Македонија бр.19-6310/1 од 24.12.2006 година, доколку бараната информација содржи повеќе од 20 страни.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации е должен редовно и ажурно да води листа на информации и да ги објави на достапен начин до јавноста (интернет страница, огласна табла и сл).

Согласно член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации е должен да определи едно или повеќе лица за посредување со информации.

Имателот на информации исто така е должен да обезбеди простор за увид во документацијата (член 11), да ја информира јавноста за начинот и условите за пристап до информации (член 36), да ја определи и објави цената на материјалните трошоци за препис, фотокопија, електронски запис или слично, да обезбеди Образец на писмено Барање (член 16 став1), Образец на службена белешка и слично.

Врз основа на горенаведеното се донесува Одлука како во диспозитивот.

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ СКОПЈЕ
Претседател,
М-р. Ристе Стефановски

Доставено до:
Архива
Сектор за правни и општи работи